Архивски број: 08-380/2
08-06-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 380 од 1.6.2023 година за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 6.6.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-380 од 1.6.2023 година **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 1.6.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: **податоци за подносителот**, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше податоци за лицето кое ја поднесува, односно име и презиме, доколку станува збор за физичко лице, или назив, доколку станува збор за правно лице, понатаму негова адреса, телефонски број и слично, Комисијата не беше во можност да го идентификува подносителот и со тоа да поведе постапка за заштита од дискриминација.

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката поради неуредност.

Скопје
6.6.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери